РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 03-909/1
10.8 2021 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак 03-909/1
Рок на чување: 5 год.
11/08 2021 година

ОКТА Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр. 10-2245/21
11.08. 2021 год.
Скопје 1

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен помеѓу:

1. **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,** претставуван и застапуван од Ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски (во натамошниот текст: УКИМ) и

2. **ОКТА АД - Скопје**, застапувана од Главниот извршен директор Вук Радовиќ (во натамошниот текст: ОКТА)

**Член 1**

Со овој Меморандум се уредува начинот и условите за доделување на вкупно 5 (пет) стипендии за втор циклус студии на студиски програми одредени од страна на ОКТА, на 4 (четири) факултети при УКИМ: Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје; Технолошко - металуршки факултет – Скопје, Природно - математички факултет - Скопје (Институт за хемија) и Машински факултет - Скопје, (во понатамошниот текст: Факултети).

**Член 2**

Право на добивање стипендија ќе имаат кандидатите кои по првпат ќе се запишат на Факултетите на втор циклус едногодишни студии за учебната 2021/2022 година, во првиот уписен рок кој ќе се реализира согласно Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2021/2022 година, и кои ќе поднесат пријава по огласите за стипендии кои ги доделува ОКТА, а ќе бидат посебно објавени од страна на Факултетите.

Стипендии ќе бидат доделени на следните факултети:

- **2 (две) стипендии** на студенти на **Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје** при УКИМ, секоја во износ од по 1.500 ЕУР (иљади и петстотини евра);
- **1 (една) стипендија** на студент од **Технолошко - металуршкиот факултет - Скопје** при УКИМ, во износ од по 1.950 ЕУР (иљада деветстотини и педесет евра);
- **1 (една) стипендија** на студент од **Природно - математичкиот факултет - Скопје** при УКИМ, во износ од 1.500 ЕУР (иљада и петстотини евра);
- **1 (една) стипендија** на студент од **Машински факултет – Скопје** при УКИМ, во износ од 2.000 ЕУР (две иљади евра).

**Член 3**

Студиските програми за кои ќе бидат доделени стипендиите од страна на ОКТА ќе бидат дополнително утврдени во договор со секој од Факултетите.

Доколку ОКТА не успее да избере соодветни кандидати за доделување на стипендиите на начинот утврден во член 2 од овој Меморандум, го задржува правото да изврши прераспределба на стипендиите на некој од Факултетите.

Соработката предвидена со овој Меморандум ќе се остварува согласно протоколите и договорите кои дополнително ќе се склучат помеѓу ОКТА и Факултетите.

**Член 4**

Селекцијата на кандидатите за стипендиите ќе ја прави секој Факултет посебно во соработка со ОКТА. Условите и критериумите врз основа на кои ОКТА ќе го врши доделувањето на стипендии, ќе бидат утврдени во огласите што ќе ги објави секој Факултет посебно, а со посредство на УКИМ.

**Член 5**

Износите на стипендиите, ОКТА ќе ги исплати на секој Факултет посебно, согласно протоколите и договорите кои дополнително ќе се склучат помеѓу ОКТА и Факултетите.

**Член 6**

Овој Меморандум може да се менува и дополнува само со писмена согласност на неговите потписници.

**Член 7**

Овој Меморандум влегува во сила од денот на неговото потпишување од двете страни.

**Член 8**

Меморандумот се склучува во 2 (два) еднообразни примероци на македонски јазик и 2 (два) еднообразни примероци на англиски јазик, од кои по 1 (една) копија на секој од јазиците за секоја договорна страна.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**
**Ректор**

**ОКТА АД - СКОПЈЕ**

**Вук Радовиќ**
**Главен извршен директор**